Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

## Извадок на дел од дневни настани 12.10.2019

На 11.10.2019 во СВР Тетово биле лишени од слобода Ш.Т.(42) и Д.Т.(68) од с.Церово,тетовско,кај кои истиот ден во периодот од 06,45 до 09,30 часот, постапувајќи по претходно издадена наредба од Основен суд Тетово, полициски службеници при преглед во куќа и патничко возило„голф 5“ со тетовски регистарски ознаки во сопственост на Ш.Т. и неговиот татко Д.Т. пронашле марихуана, пушка „бокерица“ кал.12мм, 13 патрони различен калибар и 15 куршуми калибар 7,62 и 15 м. дрва без печат.За случајот бил известен јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Тетово.По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.10.2019 во 15,30 часот полициски службеници од СВР Скопје од улицата “Македонско-Косовска бригада‟ го лишиле од слобода Г.Д.(22) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во Полициската станица Бит Пазар и по документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.10.2019 во 21,00 часот полициски службеници од СВР Скопје па подрачјето на Петровец ги лишиле од слобода Ш.И.(35) и Д.И.(26), двајцата од Куманово, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. Тие биле приведени во Полициското одделение Петровец и по документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.10.2019 во 17,50 часот полициски службеници од СВР Скопје во централното градско подрачје го лишиле од слобода И.К.(38) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во Полициската станица Центар и по документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.10.2019 во 14,15 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосница од магистралниот пат Битола-Ресен со регионалниот пат Макази-Маркова Нога, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило “голф 3‟ со охридски регистарски ознаки, управувано од К.С(35) од с.Лескоец,охридско и патничко возило “сеат толедо‟ со ресенски регистарски ознаки, управувано од Г.Г.(28) од Ресен. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле К.С., неговата сопатничка М.С.(31) од с.Лескоец,охридско и сопатничката во патничкото возило “сеат ‟, Н.Ц.(28) од с.Царев Двор,ресенско кои се пренесени во Клиничкиот центар во Битола за укажување на лекарска помош. За настанот бил известен јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Битола.

На 12.10.2019 во 00,30 часот полициски службеници од СВР Скопје на улицата “50-та Девизија‟ кај 17 годишен малолетник од Гостивар пронашле марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.10.2019 во 00,10 часот во с.Требош во близина на раскрсницата за с.Џепчиште од полициски службеници било сопрено патничко моторно возило “рено клио‟ со тетовски регистарски ознаки, управувано од П.Т.(19) од с.Теарце. При извршен преглед на возачот и возилото кај него била пронајдена марихуана. П.Т. бил лишен од слобода и приведен во Полициското одделение Групчин. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.10.2019 во периодот од 00,45 до 01,25 часот во с.Долна Бањица, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Е.Н.(19) од с.Долна Бањица, затоа што при преглед во домот кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.10.2019 во 23,35 часот во с.Камењане, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Л.М.(22) од с. Врапчиште, гостиварско и Х.М.(21) од с.Неготино, гостиварско затоа што при преглед кај истите била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.10.2019 во 21,00 часот при спроведена акциска контрола во угостителски објект на ул.,,Иво Лола Рибар’’ во Тетово полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Ф.Т.(32) од Р.Косово која престојувала во Р.С.Македонија непријавено и Б.Т.(39) од

Р.Албанија кој не поседувал документи. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.10.2019 во 09,20 часот на булеварот "Партизански одреди" Е.К.(33) од Скопје управувајќи велосипед "Каприс" паднала на велосипедската патека и се здобила со тешки телесни повреди, по што била пренесена во Градската општа болница "Свети Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 11.10.2019 околу 16,25 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Христијан Тодоровски Карпош", се случила сообраќајна незгода помеѓу мопед „Yiyung" со штипски регистарски ознаки, управуван од А.С.(26) од Штип и патничко возило "шкода" со полициски ознаки, управувано од полициски службеник. А.С. се здобил со тешки телесни повреди и му била укажана лекарска помош во комплекс клиники,,Мајка Тереза'', а со телесни повреди се здобил сопатникот С.Д. (27) од Штип. Увид на местото на настанот извршил јавен обвинител.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело,,овозможување на употреба на наркотични droги", СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.Д.(33) од Скопје. При извршен претрес во стан на ул.„Богомилска" во Охрид, што пријавената го користела, пронајдени се амфетамини. Пријавената, на К.Ј. и Ј.П. двајцата од Скопје, во станот им овозможувала користење наркотични дроги.

На 11.10.2019 околу 16,00 часот, во стан на булевар „Туристичка" во Охрид, поради неисправна плинска боца, настанал пожар, во кој, К.С.(71) од Охрид се здобила со изгореници на десната рака.Пожарот, предизвикал оштетување и на соседниот стан, сопственост на С.П. од Охрид. Интервенирала Територијалната противпожарна единица која го изгасила пожарот.

На 11.10.2019 околу 20,30 часот во Полициска станица Гевгелија било пријавено дека во Богданци на ул.„Кочо Рацин", В.К(62) од Богданци бил физички нападнат од Н.Т(60) од Богданци, додека бил на гости кај истиот и биле под дејство на алкохол..За случајот бил известен јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување.

На 12.10.2019 во 02,00 часот во Полициска станица Кавадарци, Б.С.(19) од Кавадарци, пријавил дека истиот ден околу 00,30 часот пред угостителски објект во Кавадарци, бил физички нападнат од Т.Н. од с.Ваташа. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.10.2019 во 23,30 часот во СВР Куманово, Е.Т.(36) од с.Биљановце,кумановско пријавил дека истиот ден околу 15,00 часот на ул.Лесковачка била касната од куче сопственост на Н.И.(33) од Куманово во пределот на левата нога. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.10.2019 во 08,30 часот И.А. пријавил дека на улицата "Руѓер Бошковиќ" во двор на основно училиште била оштетена биста. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.10.2019 околу 23,30 часот во СВР Скопје бил лишен од слобода С.О.(23) од Скопје бидејќи пред угостителски објект на ул.„Битпазарска" физички нападнал полициски службеник.

На 11.10.2019 во 16,00 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во с.Ново Село,скопско, каде биле опожарени околу 4000м2 стрниште.Пожарот е изгаснат од противпожарната единица од Скопје.

На 12.10.2019 околу 00,10 часот на ул.2 во н.Илинден полициски службеник при преземање службени дејства бил физички нападнат од А.Т.(39) од Скопје. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.10.2019 во 17,40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во близина на терминал на Граничен премин,,Блаце, по претходна расправија, дошло до физичка пресметка помеѓу М.П.(60) од Виница и Ј.Х.(38) од с.Глумово. Сочинети се записници за констатиран прекршок по чл.11 од ЗППЈРМ.

На 12.10.2019 во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во куќа на ул.„Тумбара" при што изгорело и возило „корвета", сопственост на А.З(34) што било паркирано во гаражата. Увид се врши.

На 11.10.2019 во 22,50 часот во Полициска станица Македонски Брод, Б.Т.(18) од Македонски Брод пријавил дека во угостителски објект во Македонски Брод физички бил нападнат од М.Р.(20) од Македонски Брод.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.10.2019 во СВР Скопје, Б.Т.(42) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила нејзината ќерка Т.Т.(16), која и претходно во повеќе наврати го напуштала нејзиниот дом и се сомнева дека е заедно со нејзиното момче. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 11.10.2019 во 16,40 часот во СВР Скопје е пријавено дека на ул. Цветан Димов патничко возило управувано од А.К. удрило во А.Г.(28) од Скопје, а потоа А.К. и физички го нападнал А.Г. Двајцата од претходно се познавале и имале претходни недоразбирања. Кај А.Г. од лекар биле констатирани телесни повреди. Се работи на расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)